**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-251/6**
**Скопје, 24.03.2009 година**

**ДО**

**ЈЗО ЗДРАВСТВЕНА СТАНИЦА „ЖЕЛЕЗАРА"СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена организација Здравствена станица „Железара" Скопје (во понатамошниот текст Здравствена станица), за 2007 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Јавна здравствена организација Здравствена станица „Железара" Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Д-р Михаил Левенски, директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 24.11.2008 -16.01.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 06.03.2009 година, добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 09/139. Истите беа разгледани и одбиени како неосновани бидејќи се работи за превземени мерки од субјектот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Здравствената станица заклучно со 31.12.2007 година нема обезбедено документ за право на користење, односно не е утврдена сопственоста на земјиштето на кое се наоѓаат објектите и земјиштето кое е потребно за извршување на основната функција, што не е во согласност со членовите 4, 91 и 93 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради не доставено барање до Јавното правобранителство на РМ за спроведување на постапка за запишување на правата на недвижност во јавните книги и постапка за утврдување на правото за користење на објектите кои се запишани како сопственост на Република Македонија за КО Гази Баба.
Нерешените имотно правни односи имаат влијание на реално искажување на недвижните ствари во книгата за недвижните ствари, што ги користат државните органи и на реалното искажување на позицијата Материјални средства во Билансот на состојба.

Ревизијата не дава препорака за превземање на мерки за обезбедување на документ за право на користење на земјиштето, поради тоа што во текот на ревизијата доставен е акт до Јавното правобранителство на РМ за решавање на имотно правните односи за земјиштето на кое се наоѓаат објектите и земјиштето кое е потребно за извршување на основната функција.

11.1.2. Јавната здравствена организација Здравствена станица „Железара" Скопје заклучно со 31.12.2007 година не извршила пререгистрација како Јавна здравствена установа, што не е во согласност со членовите 44 (нови членови 200ф и 200х) и 49 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр. 10/04). Не извршената регистрација како Јавна здравствена установа придонесува за неусогласеност на интерните акти со постоечката законска регулатива.

Ревизијата не дава препорака за наодот, поради тоа што на 29.09.2008 година донесено е Решение за упис на промена на Јавната здравствена организација Здравствена станица „Железара" Скопје како Јавната здравствена установа Здравствена станица „Железара" Скопје.

11.1.3. Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈЗУ Здравствена станица „Железара„ Скопје, како акт со кој се уредува внатрешната организација и работа, не содржи опис и попис на работните места со кои ќе се утврдат работните задачи, правата и обврските на вработените во организационите единици на Здравствена станица, што не е во согласност со членовите 13 и 28 од Статутот и член 52 од Законот за установите. Некомлетноста на наведениот Правилник придонесува да нема поделба на надлежностите и одговорностите во рамките на организационата поставеност на Здравствена станица.

Ревизијата не дава препорака за наодот, бидејќи во текот на 2008 година е донесен нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места кој содржи опис и попис на работните места.

11.1.4. Ревизијата не може да се увери во независноста во управувањето со Здравствената станица, поради именување на член од редот на вработените како претседател на Управниот одбор, кој истовремено е архивар и деловен секретар. Истото лицето кое носи одлуки од страна на управниот одбор, истовремено ракува со печатите, штембилите и целокупната документација и дирекно одговара пред директорот, што не е во согласност со член 5 од Законот за јавна внатрешна контрола. Непостоење на разграничување на должностите и одговорнистите не обезбедува доверливост и интегритет на информациите, придржување кон законите, подзаконските и интерните акти, како и насоките на раководството при носење на деловни одлуки.

**Препорака:** Управниот одбор на Здравствената станица да превземе мерки за соодветно разграничување на должностите и одговорнистите на вработените, согласно интерните акти и член 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

11.1.5. Во 2007 година од ставката Договорни услуги во Билансот на приходи и расходи исплатени се средства во износ од 915 илјади денари, по основ ангажирање на лица по договор на дело преку Авторска агенција, за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, што не е во согласност со член 22 од Законот за работни односи. Поради непобарана согласност од Министерството за здравство за вработување на испразнетите места, предвидени со Правилникот за организација и систематизација на работните места ангажирани се истите лица на кои им престанал работниот однос по основ пензионирање, заминување во друга здравствена организација, а лицата кои не се вработени не можат да го остварат правото за вработување.

Во текот на 2008 година од Министерство за здравство и Министерство за финансии добиена е согласност за вработување на неопределено време на испразнетите работни места.

### *11.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:*

11.2.1. Не е извршено усогласување на сметководствената состојба со извршениотпопис поради нецелосност на инсталираниот апликативен софтвер за основни средства, кој не овозможува внесување на податоците од пописните листи како сметководствен документ од извршениот физичкиот попис и утврдување на евентуални пописни разлики, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Поради претходното не е извршено усогласување на книговодствената со фактичката состојба и потврдување на целосноста на искажани материјални средства.

**Препорака:** Работоводниот орган на Здравствената станица да превземе мерки и активности за соодветно имплементирање на инсталираниот апликативен софтвер за основни средства и изврши усогласување на на сметководствената со стварната состојба од извршениот попис.

### 11.3. Ненаменско и незаконско користење на средства:

11.3.1. Пренесени се побарувања по дадени аванси во износ од 410 илјади денари кои се однесуваат на извршени исплати во 2003 годината за дадени позајмици на Синдикатот на ЈЗО Здраствена станица Железара, што не е во согласност со член 9 од Статутот и Решението за распределување на Здравствената станица за вршење дејност - медицинска пракса, утврдена со член 6 од Законот за здравствена заштита. Неправилното постапување во однос на располагање и трошење на паричните средства од жиро сметка и не превземање на мерки за наплата има влијание на ненаменско користење на средствата.

**Препорака:** Работоводниот орган на Здраствена станица да превземе мерки и да изврши поврат на дадената позајмица на Синдикатот на ЈЗО Здраствена станица..

*Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

11.3.2. Извршени се набавки на медицински и санитетски потрошен материјал, осигурување на опрема, сервисирање и одржување на опрема и обезбедување на имоти и лица од областа на техничката сигурност и ПП заштита на неопределено време, без спроведена постапка за јавна набавка со отворен повик во вкупен износ од 2.935 илјади денари, што не во согласност со Законт за јавни набавки.

11.3.3. Извршени се набавки на услуги, ситен инвентар, лекови, медицински и канцелариски материјал без спроведена постапка за јавна набавка од мала вредност во вкупен износ од 482 илијади денари, што не во согласност со член 72 од Законот за јавни набавки.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки придонесува нетранспарентност при вршењето на набавките и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препорака:** Надлежните органи за раководење на здравствената станица да превземат активности за континуирано едуцирање на вработените за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, вклучувајќи ја реализацијата на договорите за јавни набавки.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.2 до 11.3 финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ЈЗО Здравствена станица „Железара” Скопје под 31 Декември 2007 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1 до 11.3 кај Јавната здравствена организација Здравствена станица „Железара” Скопје е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

14. **Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

*Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

14.1.1. Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на Јавната здравствена организација Здравствена станица „Железара” Скопје извршена е корекција на одделни состојби на сметките од главната книга во 2008 година и пуштен е налог за прекнижување/докнижување, согласно одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници кои имаат ефект на

зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2007 година за износ од 1.083 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции. Исправката е спроведена со налог за книжење.

14.1.2. Во текот на 2008 година со налог за книжење број 1230/4 евидентирани се 9 апарати за дијализа, дадени како донација од Кемо-Фарм ДОО Скопје, за вкупен износ од 7.258 илјади денари.

Скопје, 18.03.2009 година

Овластен државен ревизор,

**ЈЗО Здраствена станица Железара**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 4,904 | 4,079 |
| Трансфери и донации | 116,207 | 122,845 |
| **Вкупно приходи** | **121,111** | **126,924** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 26,189 | 32,325 |
| Стоки и услуги | 85,417 | 85,031 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 2,175 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **113,781** | **117,356** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2,021 | 3,156 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2,021** | **3,156** |
| **Вкупно расходи** | **115,802** | **120,512** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **5,309** | **6,412** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **5,309** | **6,412** |

**ЈЗО Здраствена станица Железара**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 11,400 | 6,092 |
| Побарувања | 4,952 | 5,485 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 410 | 410 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 2,000 | 2,190 |
| Активни временски разграничувања | 11,043 | 14,306 |
| Залихи | 7,641 | 7,773 |
| **Вкупно тековни средства** | **37,446** | **36,256** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 266 | 110 |
| Материјални средства | 24,841 | 27,288 |
| **Вкупно постојани средства** | **25,107** | **27,398** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **0** | **4,225** |
| **Вкупна актива** | **62,553** | **67,879** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 25,615 | 28,685 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 7,251 | 7,251 |
| Краткорочни финансиски обврски | 168 | 191 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1,752 | 1,853 |
| Пасивни временски разграничувања | 5,731 | 5,252 |
| **Вкупно тековни обврски** | **40,517** | **43,232** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 22,036 | 24,647 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **22,036** | **24,647** |
| **Вкупна пасива** | **62,553** | **67,879** |

**ЈЗО Здраствена станица Железара**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **16,863** | **7,773** | **24,636** |
| **Зголемување по основ на:** | **9,880** | **68,154** | **78,034** |
| Набавки | 9,880 | 68,154 | **78,034** |
| **Намалување по основ на:** | **12,348** | **68,286** | **80,634** |
| Амортизација | 12,348 | | **12,348** |
| Издадени материјали и ситен инвентар од залиха | | 68,286 | |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **14,395** | **7,641** | **22,036** |